# Народна банка на Република Македонија

ДИРЕКЦИЈА ЗА СТАТИСТИКА

И бр. 8

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија на крајот на четвртиот квартал од 2016 година

март 2017 година

На крајот на 2016 година **бруто надворешниот долг** на Република Македонија изнесува 7.253 милиони евра. Во текот на последниот квартал од годината надворешниот долг е намален за 260 милиони евра, главно под влијание на намалувањето на јавниот надворешен долг (за 446 милиони евра), при истовремено зголемување на приватниот надворешен долг (за 185 милиони евра). Кварталното намалување на јавниот долг делумно се должи на репо-трансакциите што ги извршува Народната банка во рамки на управувањето со девизните резерви[1] (за 352 милиона евра), а во еден дел и на намалениот долг на секторот „држава".

**Бруто надворешните побарувања** на крајот на годината изнесуваат 4.583 милиони евра и бележат квартално намалување од 338 милион евра. Намалувањето главно се должи на промените кај јавните побарувања (за 423 милиони евра, како резултат на обратните репо-трансакции на Народната банка), во услови на зголемени приватни побарувања (за 85 милиони евра).
Следствено, **нето надворешниот долг** во четвртиот квартал од 2016 година е зголемен за 77 милиони евра и изнесува 2.670 милиони евра.

**Во однос на крајот на 2015 година**, бруто надворешниот долг на крајот на 2016 година е повисок за 963 милиони евра, со речиси еднаков придонес во растот на јавниот и приватниот сектор (53,2% и 46,8% соодветно). Бруто надворешните побарувања се повисоки за 544 милиони евра, при зголемени пласмани на централната банка (за 321 милион евра) и раст на меѓукомпаниските побарувања (за 177 милиони евра). Во вакви услови, во текот на 2016 година нето надворешниот долг е зголемен за 419 милиони евра.

Негативната **нето меѓународна инвестициска позиција,** во текот на четвртиот квартал од 2016 година, е зголемена за 154 милиони евра, што произлегува од еднаквиот пораст на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти (за 77 милиони евра) и нето-обврските врз основа на надворешен долг (за 77 милиони евра). Со тоа, на крајот на четвртиот квартал на 2016 година, негативната нето МИП достигна 5.731,6 милиони евра, или 58,1% од БДП. И натаму, најголемиот дел (81,8%) од овој износ се нето-обврски врз основа на директни инвестиции, од кои 73,6% се врз основа на сопственички капитал. Во однос на крајот на 2015 година, негативната **нето меѓународна инвестициска позиција** е зголемена за 649 милиони евра, пред сè како резултат на зголемениот нето надворешен долг.

[1] При склучувањето на репо-трансакциите, се создаваат обврски (класифицирани под категоријата „заеми") коишто придонесуваат за зголемување на нивото на бруто-долгот. Истовремено, при склучувањето обратни репо-договори, создадените побарувања придонесуваат за зголемување на бруто-побарувањата. НБРМ врши истовремено врзано склучување репо и обратни репо-договори, во речиси идентични износи. Гледано во целина, бидејќи истовремено се склучуваат, на нето-основа, овие трансакции имаат неутрален ефект, односно се јавуваат во речиси идентичен износ и на страната на обврските и на страната на побарувањата, поради што не се одразуваат на вкупниот нето надворешен долг.

## Надворешна задолженост и меѓународна инвестициска позиција на Република Македонија

| | 31.12.2015 | | 30.09.2016 | | 31.12.2016 | | квартална промена | | | промена во однос на крај на претходна година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % | п.п. | мил. евра | % | п.п. |
| **Бруто надворешен долг** | **6,290.5** | **69.4** | **7,513.4** | **76.2** | **7,253.2** | **73.5** | **-260.3** | **-3.5** | **-2.6** | **962.6** | **15.3** | **4.1** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО*** | ***6,290.5*** | ***69.4*** | ***7,161.0*** | ***72.6*** | ***7,253.2*** | ***73.5*** | **92.1** | **1.3** | **0.9** | **962.6** | **15.3** | **4.1** |
| Долгорочен долг | 4,949.5 | 54.6 | 5,612.4 | 56.9 | 5,657.6 | 57.4 | 45.3 | 0.8 | 0.5 | 708.1 | 14.3 | 2.7 |
| Краткорочен долг | 1,341.0 | 14.8 | 1,901.1 | 19.3 | 1,595.5 | 16.2 | -305.5 | -16.1 | -3.1 | 254.5 | 19.0 | 1.4 |
| Јавен долг | 2,933.7 | 32.4 | 3,891.1 | 39.5 | 3,445.5 | 34.9 | -445.6 | -11.5 | -4.5 | 511.8 | 17.4 | 2.6 |
| Приватен долг | 3,356.9 | 37.0 | 3,622.3 | 36.7 | 3,807.7 | 38.6 | 185.4 | 5.1 | 1.9 | 450.8 | 13.4 | 1.6 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **4,039.4** | **44.6** | **4,921.1** | **49.9** | **4,583.4** | **46.5** | **-337.7** | **-6.9** | **-3.4** | **544.0** | **13.5** | **1.9** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО*** | ***4,039.4*** | ***44.6*** | ***4,568.0*** | ***46.3*** | ***4,583.4*** | ***46.5*** | **15.3** | **0.3** | **0.2** | **544.0** | **13.5** | **1.9** |
| **Нето надворешен долг** | **2,251.2** | **24.8** | **2,592.3** | **26.3** | **2,669.8** | **27.1** | **77.5** | **3.0** | **0.8** | **418.6** | **18.6** | **2.2** |
| **МИП, нето** | **-5,082.7** | **-56.1** | **-5,577.5** | **-56.6** | **-5,731.6** | **-58.1** | **-154.1** | **2.8** | **-1.6** | **-648.9** | **12.8** | **-2.0** |

*/Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2015 година е претходен, додека за 2016 година е проценет податок (извор: Соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 9.3.2017 година).

Извор: НБРМ.




Бруто надворешниот долг на 31.12.2016 година изнесува 7.253 милиони евра или 73,5% од БДП. На квартална основа, бруто надворешниот долг е намален за 260 милиони евра (или 3,5%).

Во однос на крајот на 2015 година, бруто надворешниот долг е повисок за 963 милиони евра (или 15,3%).

Извор: НБРМ.




На крајот на 2016 година, во структурата на бруто надворешниот долг преовладува приватниот долг, со учество од 52,5%.

Извор: НБРМ.

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија, на крајот на четвртиот квартал од 2016 година




Извор: НБРМ.

Рочната структура на бруто долгот и натаму е поволна, со најголемо учество на долгорочниот долг (78%).




Извор: НБРМ.

Од аспект на секторската структура, главни носители на надворешната задолженост се секторот „држава" и останатите сектори, со учество од 34,6% и 29,2%, соодветно. По нив, следува долгот кон капитално поврзаните субјекти (26,9%) и долгот на депозитните институции (8,2%).




Извор: НБРМ.

Заемите, и покрај годишното намалување на учеството за 5,8 п.п., и натаму преставуваат најзначаен начин на надворешно задолжување, со учество од 60,2% во вкупната надворешната задолженост на земјата, додека задолженоста врз основа на трговски кредити и должнички хартии од вредност учествуваат со 18,6% и 17,6%, соодветно.

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија, на крајот на четвртиот квартал од 2016 година




Извор: НБРМ.

Кај валутната структура на обврските врз основа на заеми и натаму главно учество има валутата евро, со 77,9% од обврските деноминирани во оваа валута.




Извор: НБРМ.

Намалувањето на бруто надворешниот долг во четвртиот квартал на 2016 година, главно, се објаснува со намалувањето на јавниот долг (за 446 милиони евра), наспроти кварталниот раст на приватниот долг (за 185 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Кварталното намалување на вкупниот јавен надворешен долг е резултат на намалувањето на долгот на централната банка за 351 милион евра (главно врз основа на репо-трансакциите) и државата за 145 милиони евра, додека јавните претпријатија и банките бележат раст на долгот за 50 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Растот на приватниот надворешен долг во четвртиот квартал од 2016 година (185 милиони евра) главно произлегува од растот на долгот на небанкарскиот приватен сектор (за 114 милиони евра), при помал раст кај капитално поврзаните субјекти и приватните банки (за 42 и 29 милиони евра, соодветно).




Извор: НБРМ.

Анализирано по институционални сектори, кварталното намалување на вкупната надворешна задолженост произлегува од централната банка и државата, додека останатите сектори (главно домашниот корпоративен сектор) бележат зголемување на долгот.




Извор: НБРМ.

Релативно високиот раст на долгот во текот на 2016 година (963 милиони евра), се објаснува со силниот раст на обврските и на јавниот и на приватниот сектор (за 512 и 451 милион евра, соодветно).



**Придонес на институционалните сектори во годишната збирна промена на бруто надворешниот долг (мил. евра)**

Извор: НБРМ.

Од аспект на институционалните сектори, во споредба со крајот на годината, долгот е зголемен кај сите сектори, со исклучок на централната банка. Растот главно е распределен помеѓу државата (421 милиони евра), останатите сектори (269 милиони евра) и меѓукомпанискиот долг (266 милиони евра).



**Бруто надворешни побарувања (мил. евра)**

Извор: НБРМ.

Бруто надворешните побарувања, на крајот на 2016 година, изнесуваат 4.583 милиони евра, односно 46,5% од БДП. На квартална основа, побарувањата од нерезиденти се намалени за 338 милиони евра (или 6,9%), додека на годишна основа бележат раст за 544 милиони евра (или 13,5%).



**Јавни и приватни бруто надворешни побарувања (мил. евра)**

Извор: НБРМ.

Во четвртиот квартал на 2016 година, учеството на јавните бруто надворешни побарувања е намалено за 5,1 п.п., додека во однос на крајот на 2015 година бележиме минимална нагорна промена од 0,6 п.п.

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија, на крајот на четвртиот квартал од 2016 година




Извор: НБРМ.

Од аспект на рочната структура, учеството на долгорочните и краткорочните побарувања е изедначено. Во последниот квартал бележиме мал раст на учеството на долгорочните побарувања (за 1,6 п.п.).




Извор: НБРМ.

Најголемиот дел од бруто надворешните побарувања отпаѓаат на централната банка (51,7%). Потоа, според учеството во вкупните побарувања, следуваат: останатите сектори (18,5%), капитално поврзаните субјекти (15,5%) и депозитните институции (14,3%).




Извор: НБРМ.

Анализирано според должничките инструменти, во структурата на побарувањата се најзастапени: должничките хартии од вредност (46,3%), по што следат трговските кредити (28,4%), валутите и депозитите (19,4%) и заемите (5,7%).




Извор: НБРМ.

Падот на бруто надворешните побарувања во четвртиот квартал од 2016 година, главно произлегува од јавните побарувања за 423 милиони евра (во најголем дел врз основа на обратните репо-трансакции на централната банка). Приватните побарувања бележат квартален раст од 85 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Кварталниот раст кај надворешните побарувања на приватниот сектор во целост произлегува од зголемените побарувања на приватните банки (за 109 милиони евра), наспроти намалените побарувањата на капитално поврзаните субјекти (за 24 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Од аспект на институционалните сектори, кварталниот пад на бруто побарувањата произлегува од намалувањето на побарувањата на централната банка (за 423 милиони евра) и на капитално поврзаните субјекти (за 24 милиони евра). Спротивно, кај депозитните институции бележиме зголемување на побарувањата (за 109 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Во споредба со крајот на 2015 година, растот на надворешните побарувања (за 544 милиони евра) произлегува од растот на јавните (за 306 милиони евра) и на приватните побарувања (за 238 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Секторски гледано, позначителен придонес за збирниот раст на надворешните побарувања во 2016 година имаат: централната банка (321 милион евра), капитално поврзаните субјекти (177 милиони евра) и останатите сектори (49 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Како резултат на поизразеното квартално намалување на бруто надворешните побарувања (за 338 милиони евра), наспроти бруто надворешниот долг (за 260 милиони евра), нето надворешниот долг е зголемен за 77 милиони евра и на крајот на 2016 година изнесува 2.670 милиони евра (27,1% од БДП).




Извор: НБРМ.

Нето-долгот на приватниот сектор и натаму има најголемо учество во вкупниот нето-долг (59,7%). Притоа, растот на приватниот нето-долг (за 100 милиони евра) е главен двигател на растот на вкупниот нето-долг на квартална основа, при квартален пад на јавниот нето-долг од 23 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Освен централната банка, сите други институционални сектори се нето-должници кон странство.




Извор: НБРМ.

Во текот на четвртиот квартал на 2016 година, негативната нето меѓународна инвестициска позиција (МИП) е зголемена за 154 милиони евра, достигнувајќи износ од 5.732 милиона евра (58,1% од БДП) на крајот на 2016 година.




Извор: НБРМ.

Од аспект на структурата на нето МИП, најзначајна компонента и натаму се нето-обврските врз основа на директни инвестиции (учество од 81,8%), од кои 73,6% се врз основа на сопственички капитал.




Извор: НБРМ.

Кварталниот раст на негативната нето МИП е резултат на посилното намалување на средствата (за 349 милиони евра), во однос на намалувањето на обврските (за 195 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Гледано по инструменти, кварталниот раст на негативната нето МИП произлегува од идентичниот раст на нето-обврските врз основа на сопственички и должнички инструменти (по 77 милиони евра кај двете компоненти).




Извор: НБРМ.

Зголемувањето на нето-обврските од сопственички инструменти главно произлегува од сопственичкиот капитал кај директните инвестиции (за 81 милион евра). Исто така, растот на нето-средствата кај сопственичкиот капитал од портфолио-инвестиции (за 20 милиони евра), во голем дел, е нетиран од намалувањето на средствата во монетарно злато (за 16 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Во збирниот годишен раст на негативната нето МИП (649 милиони евра) поголем придонес (64,5%) има растот на нето-обврските врз основа на должнички инструменти (419 милиони евра), надополнет со растот на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти (230 милиони евра).

# ПРИЛОГ ТАБЕЛИ

Табела 1

## Бруто надворешен долг*

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | Кв.1 2016 | Кв.2 2016 | Кв.3 2016 | Кв.4 2016 | квартална промена | | промена во однос на крај на претходна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во % /п.п. | во мил. евра | во % /п.п. |
| Валути и депозити | 174.0 | 198.8 | 195.8 | 134.0 | 198.7 | 168.4 | 157.7 | 148.5 | 136.1 | 142.8 | 134.6 | 174.2 | 39.7 | 29.5 | 25.8 | 17.4 |
| Должнички хартии од вредност | 133.3 | 277.3 | 258.9 | 202.5 | 293.8 | 152.4 | 674.4 | 755.7 | 769.6 | 790.0 | 1,308.1 | 1,277.6 | -30.6 | -2.3 | 521.9 | 69.1 |
| Заеми | 2,016.2 | 2,217.4 | 2,674.0 | 3,377.7 | 3,499.2 | 3,791.2 | 3,981.8 | 4,153.8 | 4,524.4 | 4,579.8 | 4,674.4 | 4,365.2 | -309.1 | -6.6 | 211.4 | 5.1 |
| Трговски кредити и аванси | 822.3 | 828.2 | 860.5 | 1,033.4 | 1,093.1 | 1,028.2 | 1,040.1 | 1,144.9 | 1,300.0 | 1,286.8 | 1,310.3 | 1,348.5 | 38.2 | 2.9 | 203.6 | 17.8 |
| Останати обврски | 149.2 | 187.0 | 40.1 | 20.7 | 10.3 | 6.3 | 60.0 | 4.5 | 4.5 | 4.5 | 4.5 | 4.5 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Специјални права на влечење | 9.2 | 71.7 | 76.4 | 78.3 | 76.7 | 73.2 | 78.2 | 83.2 | 81.6 | 82.8 | 81.6 | 83.2 | 1.6 | 1.9 | 0.0 | 0.0 |
| **Бруто надворешен долг** | **3,304.2** | **3,780.4** | **4,105.7** | **4,846.6** | **5,171.7** | **5,219.7** | **5,992.3** | **6,290.5** | **6,816.2** | **6,886.6** | **7,513.4** | **7,253.2** | **-260.3** | **-3.5** | **962.6** | **15.3** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 906.3 | 1,055.8 | 1,113.4 | 1,464.2 | 1,589.8 | 1,608.9 | 2,125.6 | 2,091.0 | 2,124.2 | 2,139.0 | 2,657.1 | 2,512.1 | -145.0 | -5.5 | 421.1 | 20.1 |
| Централна банка | 9.2 | 71.7 | 76.4 | 310.8 | 234.2 | 73.2 | 78.2 | 83.2 | 385.0 | 370.0 | 434.0 | 83.2 | -350.8 | -80.8 | 0.0 | 0.0 |
| Депозитни институции, освен централна банка | 384.1 | 468.2 | 578.8 | 564.8 | 618.8 | 609.3 | 614.4 | 585.9 | 563.3 | 565.7 | 571.6 | 591.7 | 20.1 | 3.5 | 5.7 | 1.0 |
| Останати сектори | 1,321.9 | 1,347.0 | 1,464.8 | 1,702.6 | 1,730.9 | 1,758.9 | 1,879.8 | 1,845.6 | 1,892.7 | 1,912.8 | 1,941.6 | 2,115.0 | 173.5 | 8.9 | 269.4 | 14.6 |
| Директни инвестиции: Заеми меѓу поврзани субјекти | 682.7 | 837.6 | 872.3 | 804.2 | 997.9 | 1,169.4 | 1,294.2 | 1,684.7 | 1,851.0 | 1,899.1 | 1,909.2 | 1,951.1 | 41.9 | 2.2 | 266.4 | 15.8 |
| **Бруто надворешен долг** | **3,304.2** | **3,780.4** | **4,105.7** | **4,846.6** | **5,171.7** | **5,219.7** | **5,992.3** | **6,290.5** | **6,816.2** | **6,886.6** | **7,513.4** | **7,253.2** | **-260.3** | **-3.5** | **962.6** | **15.3** |
| **Бруто надворешен долг/БДП %** | **48.8** | **55.9** | **57.8** | **64.2** | **68.2** | **64.0** | **70.0** | **69.4** | **69.1** | **69.8** | **76.2** | **73.5** | | **-2.6** | | **4.1** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО*** | ***3,304.2*** | ***3,780.4*** | ***4,105.7*** | ***4,614.1*** | ***5,014.1*** | ***5,219.7*** | ***5,992.3*** | ***6,290.5*** | ***6,512.9*** | ***6,599.4*** | ***7,161.0*** | ***7,253.2*** | ***92.1*** | ***1.3*** | ***962.6*** | ***15.3*** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО/БДП %*** | ***48.8*** | ***55.9*** | ***57.8*** | ***61.2*** | ***66.1*** | ***64.0*** | ***70.0*** | ***69.4*** | ***66.0*** | ***66.9*** | ***72.6*** | ***73.5*** | | ***0.9*** | | ***4.1*** |
| Долгорочен долг | 2,141.6 | 2,538.1 | 2,958.8 | 3,450.6 | 3,677.5 | 4,002.8 | 4,654.6 | 4,949.5 | 5,018.0 | 5,072.9 | 5,612.4 | 5,657.6 | 45.3 | 0.8 | 708.1 | 14.3 |
| Краткорочен долг | 1,162.6 | 1,242.2 | 1,146.9 | 1,396.0 | 1,494.1 | 1,216.9 | 1,337.7 | 1,341.0 | 1,798.2 | 1,813.7 | 1,901.1 | 1,595.5 | -305.5 | -16.1 | 254.5 | 19.0 |
| Долгорочен долг% | 64.8 | 67.1 | 72.1 | 71.2 | 71.1 | 76.7 | 77.7 | 78.7 | 73.6 | 73.7 | 74.7 | 78.0 | | 3.3 | | -0.7 |
| Краткорочен долг% | 35.2 | 32.9 | 27.9 | 28.8 | 28.9 | 23.3 | 22.3 | 21.3 | 26.4 | 26.3 | 25.3 | 22.0 | | -3.3 | | 0.7 |
| Долгорочен долг/БДП % | 31.6 | 37.5 | 41.6 | 45.7 | 48.5 | 49.1 | 54.4 | 54.6 | 50.9 | 51.4 | 56.9 | 57.4 | | 0.5 | | 2.7 |
| Краткорочен долг/БДП % | 17.2 | 18.4 | 16.1 | 18.5 | 19.7 | 14.9 | 15.6 | 14.8 | 18.2 | 18.4 | 19.3 | 16.2 | | -3.1 | | 1.4 |
| **Јавен долг** | **1,109.9** | **1,324.9** | **1,424.8** | **2,061.1** | **2,162.1** | **2,172.4** | **2,846.8** | **2,933.7** | **3,279.4** | **3,283.1** | **3,891.1** | **3,445.5** | **-445.6** | **-11.5** | **511.8** | **17.4** |
| Држава | 906.3 | 1,055.8 | 1,113.4 | 1,464.2 | 1,589.8 | 1,608.9 | 2,125.6 | 2,091.0 | 2,124.2 | 2,139.0 | 2,657.1 | 2,512.1 | -145.0 | -5.5 | 421.1 | 20.1 |
| Централна банка | 9.2 | 71.7 | 76.4 | 310.8 | 234.2 | 73.2 | 78.2 | 83.2 | 385.0 | 370.0 | 434.0 | 83.2 | -350.8 | -80.8 | 0.0 | 0.0 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 194.5 | 197.3 | 235.0 | 286.0 | 338.1 | 490.3 | 643.0 | 759.4 | 770.3 | 774.0 | 800.0 | 850.1 | 50.1 | 6.3 | 90.7 | 11.9 |
| **Приватен долг** | **2,194.2** | **2,455.5** | **2,680.9** | **2,785.5** | **3,009.5** | **3,047.4** | **3,145.5** | **3,356.9** | **3,536.8** | **3,603.6** | **3,622.3** | **3,807.7** | **185.4** | **5.1** | **450.8** | **13.4** |
| Јавен долг% | 33.6 | 35.0 | 34.7 | 42.5 | 41.8 | 41.6 | 47.5 | 46.6 | 48.1 | 47.7 | 51.8 | 47.5 | | -4.3 | | 0.9 |
| Приватен долг% | 66.4 | 65.0 | 65.3 | 57.5 | 58.2 | 58.4 | 52.5 | 53.4 | 51.9 | 52.3 | 48.2 | 52.5 | | 4.3 | | -0.9 |
| Јавен долг/БДП % | 16.4 | 19.6 | 20.0 | 27.3 | 28.5 | 26.7 | 33.2 | 32.4 | 33.3 | 33.3 | 39.5 | 34.9 | | -4.5 | | 2.6 |
| Приватен долг/БДП % | 32.4 | 36.3 | 37.7 | 36.9 | 39.7 | 37.4 | 36.7 | 37.0 | 35.9 | 36.5 | 36.7 | 38.6 | | 1.9 | | 1.6 |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2015 година е претходен, додека за 2016 година е проценет податок (извор: Соопштение „Бруто домашен производ на Република Македонија" од 9.3.2017 година).

Извор: НБРМ.

Табела 2

**Бруто надворешни побарувања***

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | Кв.1 2016 | Кв.2 2016 | Кв.3 2016 | Кв.4 2016 | квартална промена | | промена во однос на крај на претходна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | 628.5 | 937.9 | 903.1 | 995.2 | 961.3 | 711.6 | 896.5 | 900.8 | 901.4 | 770.8 | 791.3 | 891.4 | 100.2 | 12.7 | -9.3 | -1.0 |
| Должнички хартии од вредност | 1,114.7 | 901.2 | 1,139.7 | 1,394.3 | 1,492.2 | 1,627.7 | 1,943.7 | 1,773.3 | 1,744.1 | 1,668.9 | 2,181.6 | 2,122.6 | -59.0 | -2.7 | 349.3 | 19.7 |
| Заеми | 66.2 | 133.7 | 271.1 | 561.2 | 629.1 | 494.5 | 286.7 | 244.8 | 580.3 | 556.5 | 617.1 | 260.9 | -356.2 | -57.7 | 16.1 | 6.6 |
| Трговски кредити и аванси | 551.1 | 490.4 | 640.7 | 779.4 | 788.8 | 865.9 | 1,014.5 | 1,113.7 | 1,242.9 | 1,330.4 | 1,325.8 | 1,303.0 | -22.8 | -1.7 | 189.3 | 17.0 |
| Останати побарувања | 31.0 | 34.8 | 0.5 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.5 | 2.0 | 2.0 | 0.6 | 0.7 | 0.7 | 0.0 | 3.5 | -1.2 | -62.6 |
| Специјални права на влечење | 1.0 | 63.5 | 0.9 | 0.6 | 1.2 | 3.3 | 4.3 | 4.8 | 4.7 | 4.7 | 4.7 | 4.7 | 0.1 | 1.6 | 0.0 | -1.0 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2,392.5** | **2,561.4** | **2,956.1** | **3,730.7** | **3,872.6** | **3,704.5** | **4,147.2** | **4,039.4** | **4,475.4** | **4,332.0** | **4,921.1** | **4,583.4** | **-337.7** | **-6.9** | **544.0** | **13.5** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 0.0 | 0.0 | 45.6 | 46.8 | 45.9 | 43.9 | 49.8 | 15.1 | 9.3 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | -100.0 | -15.1 | -100.0 |
| Централна банка | 1,361.5 | 1,429.8 | 1,482.8 | 2,034.9 | 2,053.8 | 1,802.7 | 2,220.8 | 2,049.0 | 2,331.2 | 2,186.1 | 2,793.1 | 2,370.2 | -422.8 | -15.1 | 321.3 | 15.7 |
| Депозитни институции, освен централна банка | 390.6 | 496.8 | 572.8 | 603.1 | 572.7 | 557.8 | 641.1 | 641.4 | 634.1 | 554.6 | 544.4 | 653.2 | 108.8 | 20.0 | 11.8 | 1.8 |
| Останати сектори | 507.0 | 440.2 | 571.8 | 722.3 | 712.8 | 761.3 | 875.1 | 799.6 | 835.7 | 897.7 | 848.6 | 848.6 | 0.0 | 0.0 | 49.0 | 6.1 |
| Директни инвестиции: Заеми меѓу поврзани претпријатија | 133.3 | 194.6 | 282.9 | 323.6 | 487.4 | 538.8 | 360.3 | 534.4 | 665.1 | 693.6 | 735.1 | 711.3 | -23.7 | -3.2 | 177.0 | 33.1 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2,392.5** | **2,561.4** | **2,956.1** | **3,730.7** | **3,872.6** | **3,704.5** | **4,147.2** | **4,039.4** | **4,475.4** | **4,332.0** | **4,921.1** | **4,583.4** | **-337.7** | **-6.9** | **544.0** | **13.5** |
| **Бруто надворешни побарувања/БДП %** | **35.3** | **37.9** | **41.6** | **49.5** | **51.1** | **45.5** | **48.4** | **44.6** | **45.4** | **43.9** | **49.9** | **46.5** | | **-3.4** | | **1.9** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО*** | ***2,392.5*** | ***2,561.4*** | ***2,956.1*** | ***3,497.6*** | ***3,736.6*** | ***3,704.5*** | ***4,147.2*** | ***4,039.4*** | ***4,172.1*** | ***4,044.7*** | ***4,568.0*** | ***4,583.4*** | ***15.3*** | **0.3** | ***544.0*** | ***13.5*** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО/БДП % (*** | ***35.3*** | ***37.9*** | ***41.6*** | ***46.4*** | ***49.3*** | ***45.5*** | ***48.4*** | ***44.6*** | ***42.3*** | ***41.0*** | ***46.3*** | ***46.5*** | | **0.2** | | ***1.9*** |
| Долгорочни побарувања | 1,199.2 | 1,087.9 | 1,352.6 | 1,655.3 | 1,898.6 | 2,093.4 | 2,235.6 | 2,024.7 | 1,989.9 | 1,915.2 | 2,375.6 | 2,286.9 | -88.7 | -3.7 | 262.2 | 13.0 |
| Краткорочни побарувања | 1,193.3 | 1,473.5 | 1,603.4 | 2,075.4 | 1,974.0 | 1,611.1 | 1,911.6 | 2,014.7 | 2,485.5 | 2,416.8 | 2,545.5 | 2,296.5 | -249.0 | -9.8 | 281.8 | 14.0 |
| Долгорочни побарувања% | 50.1 | 42.5 | 45.8 | 44.4 | 49.0 | 56.5 | 53.9 | 50.1 | 44.5 | 44.2 | 48.3 | 49.9 | | 1.6 | | -0.2 |
| Краткорочни побарувања% | 49.9 | 57.5 | 54.2 | 55.6 | 51.0 | 43.5 | 46.1 | 49.9 | 55.5 | 55.8 | 51.7 | 50.1 | | -1.6 | | 0.2 |
| Долгорочни побарувања/БДП % | 17.7 | 16.1 | 19.0 | 21.9 | 25.0 | 25.7 | 26.1 | 22.3 | 20.2 | 19.4 | 24.1 | 23.2 | | -0.9 | | 0.8 |
| Краткорочни побарувања/БДП % | 17.6 | 21.8 | 22.6 | 27.5 | 26.0 | 19.8 | 22.3 | 22.2 | 25.2 | 24.5 | 25.8 | 23.3 | | -2.5 | | 1.1 |
| **Јавни побарувања** | **1,361.5** | **1,429.8** | **1,528.4** | **2,081.7** | **2,099.8** | **1,846.6** | **2,270.6** | **2,064.1** | **2,340.6** | **2,186.1** | **2,793.1** | **2,370.2** | **-422.8** | **-15.1** | **306.2** | **14.8** |
| Држава | 0.0 | 0.0 | 45.6 | 46.8 | 45.9 | 43.9 | 49.8 | 15.1 | 9.3 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | -100.0 | -15.1 | -100.0 |
| Централна банка | 1,361.5 | 1,429.8 | 1,482.8 | 2,034.9 | 2,053.8 | 1,802.7 | 2,220.8 | 2,049.0 | 2,331.2 | 2,186.1 | 2,793.1 | 2,370.2 | -422.8 | -15.1 | 321.3 | 15.7 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | | | | |
| **Приватни побарувања** | **1,030.9** | **1,131.6** | **1,427.6** | **1,649.0** | **1,772.9** | **1,857.9** | **1,876.5** | **1,975.3** | **2,134.8** | **2,145.9** | **2,128.1** | **2,213.1** | **85.1** | **4.0** | **237.8** | **12.0** |
| Јавни побарувања% | 56.9 | 55.8 | 51.7 | 55.8 | 54.2 | 49.8 | 54.8 | 51.1 | 52.3 | 50.5 | 56.8 | 51.7 | | -5.0 | | 0.6 |
| Приватни побарувања% | 43.1 | 44.2 | 48.3 | 44.2 | 45.8 | 50.2 | 45.2 | 48.9 | 47.7 | 49.5 | 43.2 | 48.3 | | 5.0 | | -0.6 |
| Јавни побарувања/БДП % | 20.1 | 21.1 | 21.5 | 27.6 | 27.7 | 22.7 | 26.5 | 22.8 | 23.7 | 22.2 | 28.3 | 24.0 | | -4.3 | | 1.3 |
| Приватни побарувања/БДП % | 15.2 | 16.7 | 20.1 | 21.9 | 23.4 | 22.8 | 21.9 | 21.8 | 21.6 | 21.8 | 21.6 | 22.4 | | 0.9 | | 0.6 |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2015 година е претходен, додека за 2016 година е проценет податок (извор: Соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 9.3.2017 година).

Извор: НБРМ.

Табела 3

**Нето надворешен долг***

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | Кв.1 2016 | Кв.2 2016 | Кв.3 2016 | Кв.4 2016 | квартална промена | | промена во однос на крај на претходна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | во мил. евро | во %/п.п. | во мил. евро | во %/п.п. |
| Валути и депозити | -454.5 | -739.2 | -707.3 | -861.1 | -762.6 | -543.2 | -738.8 | -765.3 | -628.0 | -656.7 | -717.2 | -60.5 | 9.2 | 35.1 | -4.7 |
| Должнички хартии од вредност | -981.4 | -623.9 | -880.8 | -1,191.8 | -1,198.4 | -1,475.3 | -1,269.3 | -974.5 | -878.9 | -873.5 | -845.0 | 28.5 | -3.3 | 172.6 | -17.0 |
| Заеми | 1,949.9 | 2,083.8 | 2,402.9 | 2,816.5 | 2,870.0 | 3,296.8 | 3,695.1 | 3,944.1 | 4,023.3 | 4,057.3 | 4,104.4 | 47.1 | 1.2 | 195.3 | 5.0 |
| Трговски кредити и аванси | 271.2 | 337.8 | 219.7 | 253.9 | 304.3 | 162.3 | 25.7 | 57.1 | -43.7 | -15.5 | 45.5 | 61.0 | -393.4 | 14.3 | 46.1 |
| Останати обврски | 118.2 | 152.2 | 39.6 | 20.7 | 10.3 | 4.8 | 58.5 | 2.4 | 3.9 | 3.7 | 3.7 | 0.0 | -0.7 | 1.2 | 50.4 |
| Специјални права на влечење | 8.2 | 8.2 | 75.5 | 77.7 | 75.5 | 69.9 | 73.9 | 77.0 | 78.0 | 77.0 | 78.5 | 1.5 | 2.0 | 0.0 | 0.1 |
| **Нето надворешен долг** | **911.7** | **1,218.9** | **1,149.7** | **1,115.9** | **1,299.1** | **1,515.2** | **1,845.1** | **2,340.8** | **2,554.7** | **2,592.3** | **2,669.8** | **77.5** | **3.0** | **418.6** | **18.6** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 906.3 | 1,055.8 | 1,067.8 | 1,417.4 | 1,543.9 | 1,565.0 | 2,075.8 | 2,114.8 | 2,139.0 | 2,657.1 | 2,512.1 | -145.0 | -5.5 | 436.2 | 21.0 |
| Централна банка | -1,352.4 | -1,358.1 | -1,406.4 | -1,724.1 | -1,819.6 | -1,729.5 | -2,142.7 | -1,946.3 | -1,816.1 | -2,359.0 | -2,287.0 | 72.0 | -3.1 | -321.3 | 16.3 |
| Депозитни институции, освен централна бан | -6.6 | -28.6 | 5.9 | -38.3 | 46.1 | 51.5 | -26.7 | -70.7 | 11.1 | 27.2 | -61.5 | -88.7 | -326.0 | -6.1 | 10.9 |
| Останати сектори | 814.9 | 906.8 | 893.0 | 980.3 | 1,018.1 | 997.6 | 1,004.7 | 1,057.0 | 1,015.2 | 1,092.9 | 1,266.4 | 173.5 | 15.9 | 220.4 | 21.1 |
| Директни инвестиции: Заеми меѓу поврзани субјекти | 549.4 | 643.0 | 589.4 | 480.6 | 510.6 | 630.6 | 933.9 | 1,185.9 | 1,205.5 | 1,174.1 | 1,239.7 | 65.6 | 5.6 | 89.4 | 7.8 |
| **Нето надворешен долг** | **911.7** | **1,218.9** | **1,149.7** | **1,115.9** | **1,299.1** | **1,515.2** | **1,845.1** | **2,340.8** | **2,554.7** | **2,592.3** | **2,669.8** | **77.5** | **3.0** | **418.6** | **18.6** |
| **Нето надворешен долг/БДП %** | **13.5** | **18.0** | **16.2** | **14.8** | **17.1** | **18.6** | **21.5** | **23.7** | **25.9** | **26.3** | **27.1** | | **0.8** | | **2.2** |
| Долгорочен долг | 942.4 | 1,450.2 | 1,606.2 | 1,795.3 | 1,778.9 | 1,909.4 | 2,419.1 | 3,028.1 | 3,157.8 | 3,236.7 | 3,370.7 | 134.0 | 4.1 | 445.9 | 15.2 |
| Краткорочен долг | -30.7 | -231.3 | -456.5 | -679.4 | -479.8 | -394.2 | -574.0 | -687.3 | -603.1 | -644.4 | -700.9 | -56.5 | 8.8 | -27.2 | 4.0 |
| Долгорочен долг% | 103.4 | 119.0 | 139.7 | 160.9 | 136.9 | 126.0 | 131.1 | 129.4 | 123.6 | 124.9 | 126.3 | | 1.4 | | -3.7 |
| Краткорочен долг% | -3.4 | -19.0 | -39.7 | -60.9 | -36.9 | -26.0 | -31.1 | -29.4 | -23.6 | -24.9 | -26.3 | | -1.4 | | 3.7 |
| Долгорочен долг/БДП % | 13.9 | 21.4 | 22.6 | 23.8 | 23.5 | 23.4 | 28.3 | 30.7 | 32.0 | 32.8 | 34.2 | | 1.4 | | 1.9 |
| Краткорочен долг/БДП % | -0.5 | -3.4 | -6.4 | -9.0 | -6.3 | -4.8 | -6.7 | -7.0 | -6.1 | -6.5 | -7.1 | | -0.6 | | 0.3 |
| **Јавен долг** | **-251.6** | **-104.9** | **-103.6** | **-20.6** | **62.4** | **325.8** | **576.1** | **938.8** | **1,097.0** | **1,098.1** | **1,075.2** | **-22.8** | **-2.1** | **205.6** | **23.6** |
| Држава | 906.3 | 1,055.8 | 1,067.8 | 1,417.4 | 1,543.9 | 1,565.0 | 2,075.8 | 2,114.8 | 2,139.0 | 2,657.1 | 2,512.1 | -145.0 | -5.5 | 436.2 | 21.0 |
| Централна банка | -1,352.4 | -1,358.1 | -1,406.4 | -1,724.1 | -1,819.6 | -1,729.5 | -2,142.7 | -1,946.3 | -1,816.1 | -2,359.0 | -2,287.0 | 72.0 | -3.1 | -321.3 | 16.3 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 194.5 | 197.3 | 235.0 | 286.0 | 338.1 | 490.3 | 643.0 | 770.3 | 774.0 | 800.0 | 850.1 | 50.1 | 6.3 | 90.7 | 11.9 |
| **Приватен долг** | **1,163.3** | **1,323.9** | **1,253.3** | **1,136.5** | **1,236.7** | **1,189.5** | **1,268.9** | **1,401.9** | **1,457.7** | **1,494.3** | **1,594.6** | **100.3** | **6.7** | **213.0** | **15.4** |
| Јавен долг% | -27.6 | -8.6 | -9.0 | -1.8 | 4.8 | 21.5 | 31.2 | 40.1 | 42.9 | 42.4 | 40.3 | | -2.1 | | 1.6 |
| Приватен долг% | 127.6 | 108.6 | 109.0 | 101.8 | 95.2 | 78.5 | 68.8 | 59.9 | 57.1 | 57.6 | 59.7 | | 2.1 | | -1.6 |
| Јавен долг/БДП % | -3.7 | -1.6 | -1.5 | -0.3 | 0.8 | 4.0 | 6.7 | 9.5 | 11.1 | 11.1 | 10.9 | | -0.2 | | 1.3 |
| Приватен долг/БДП % | 17.2 | 19.6 | 17.6 | 15.1 | 16.3 | 14.6 | 14.8 | 14.2 | 14.8 | 15.2 | 16.2 | | 1.0 | | 0.9 |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2015 година е претходен, додека за 2016 година е проценет податок (извор: Соопштение „Бруто домашен производ на Република Македонија" од 9.3.2017 година).

Извор: НБРМ.

## Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија, на крајот на четвртиот квартал од 2016 година

Табела 4

**Меѓународна инвестициска позиција***

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | Кв.1-2015 | Кв.2-2015 | Кв.3-2015 | Кв.4-2015 | Кв.1-2016 | Кв.2-2016 | Кв.3-2016 | Кв.4-2016 | квартална промена во мил. евра | квартална промена во %/ п.п. | во однос на крај на претходна година во мил. евра | во однос на крај на претходна година во %/ п.п. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **МИП-нето** | **-3,265.1** | **-3,612.5** | **-3,629.5** | **-3,965.8** | **-4,177.6** | **-4,558.4** | **-4,549.0** | **-4,655.4** | **-4,778.6** | **-4,821.0** | **-5,082.7** | **-5,242.6** | **-5,495.5** | **-5,577.5** | **-5,731.6** | **-154.1** | **2.8** | **-648.9** | **12.8** |
| Средства | 2,579.8 | 2,785.5 | 3,258.4 | 4,113.2 | 4,257.5 | 4,082.5 | 4,634.0 | 4,899.4 | 4,915.0 | 4,826.5 | 4,571.9 | 5,043.9 | 4,943.2 | 5,548.8 | 5,199.4 | **-349.4** | **-6.3** | **627.5** | **13.7** |
| Обврски | 5,844.9 | 6,398.0 | 6,887.9 | 8,079.0 | 8,435.1 | 8,640.8 | 9,183.0 | 9,554.8 | 9,693.6 | 9,647.5 | 9,654.6 | 10,286.5 | 10,438.7 | 11,126.3 | 10,931.0 | **-195.3** | **-1.8** | **1,276.4** | **13.2** |
| **МИП-нето/БДП (%)** | **-48.2** | **-53.4** | **-51.1** | **-52.6** | **-55.1** | **-55.9** | **-53.1** | **-51.4** | **-52.7** | **-53.2** | **-56.1** | **-53.2** | **-55.7** | **-56.6** | **-58.1** | | **-1.6** | | **-2.0** |
| *Сектори* | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| МИП, нето-држава | -906.3 | -1,055.8 | -1,067.8 | -1,417.4 | -1,539.9 | -1,561.0 | -2,071.9 | -1,965.4 | -1,930.7 | -1,950.8 | -2,072.0 | -2,110.9 | -2,135.0 | -2,653.1 | -2,508.2 | 145.0 | -5.5 | -436.2 | 21.1 |
| МИП, нето-централна банка | 1,486.9 | 1,526.7 | 1,638.8 | 1,991.8 | 2,095.8 | 1,920.4 | 2,358.9 | 2,272.0 | 2,172.6 | 2,105.5 | 2,179.2 | 2,185.4 | 2,076.7 | 2,618.7 | 2,530.9 | -87.8 | -3.4 | 351.7 | 16.1 |
| МИП, нето-депозитни институции освен централната банка | -363.9 | -361.5 | -416.8 | -420.6 | -536.6 | -580.1 | -534.5 | -553.4 | -586.6 | -553.7 | -541.2 | -525.5 | -607.5 | -639.8 | -550.5 | 89.4 | -14.0 | -9.3 | 1.7 |
| МИП, нето-останати сектори | -3,481.8 | -3,721.9 | -3,783.8 | -4,119.5 | -4,196.8 | -4,337.6 | -4,301.6 | -4,408.6 | -4,433.9 | -4,422.0 | -4,648.7 | -4,791.6 | -4,829.6 | -4,903.2 | -5,203.8 | -300.6 | 6.1 | -555.1 | 11.9 |
| **МИП, нето** | **-3,265.1** | **-3,612.5** | **-3,629.5** | **-3,965.8** | **-4,177.6** | **-4,558.4** | **-4,549.0** | **-4,655.4** | **-4,778.6** | **-4,821.0** | **-5,082.7** | **-5,242.6** | **-5,495.5** | **-5,577.5** | **-5,731.6** | **-154.1** | **2.8** | **-648.9** | **12.8** |
| Директни инвестиции, нето | -2,907.9 | -3,074.7 | -3,181.3 | -3,520.8 | -3,613.3 | -3,867.9 | -3,902.7 | -4,059.4 | -4,098.3 | -4,080.5 | -4,296.3 | -4,435.2 | -4,518.6 | -4,542.0 | -4,688.5 | **-146.5** | 3.2 | -392.2 | 9.1 |
| Портфолио инвестиции, нето | -260.5 | -405.5 | -372.7 | -279.2 | -345.2 | -145.5 | -621.7 | -610.3 | -579.9 | -567.9 | -636.2 | -644.5 | -659.2 | -1,163.6 | -1,108.5 | **55.1** | -4.7 | -472.3 | 74.2 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | -3.2 | -3.5 | -3.4 | -3.4 | -3.4 | -3.4 | -3.4 | -3.4 | -4.1 | -4.1 | 0.0 | 0.4 | -0.8 | 23.0 |
| Валути и депозити, нето | 209.2 | 274.4 | 359.3 | 454.1 | 338.3 | 371.6 | 466.0 | 463.2 | 431.8 | 461.8 | 467.0 | 473.5 | 387.8 | 386.2 | 453.1 | 66.9 | 17.3 | -13.9 | -3.0 |
| Заеми, нето | -1,540.9 | -1,608.8 | -1,942.1 | -2,465.8 | -2,525.4 | -2,791.8 | -2,926.3 | -2,828.0 | -2,823.9 | -2,867.3 | -2,894.7 | -2,937.5 | -2,961.4 | -2,990.5 | -2,996.4 | -5.9 | 0.2 | -101.7 | 3.5 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси, нето | -170.5 | -229.1 | -130.8 | -144.8 | -148.7 | -42.9 | 79.4 | 109.4 | 121.5 | 129.5 | 100.7 | 118.0 | 183.0 | 118.6 | 82.1 | -36.5 | -30.8 | -18.5 | -18.4 |
| Останати сметки за наплата/плаќање, нето | -80.3 | -94.6 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.5 | 1.7 | 1.7 | 1.7 | 1.7 | 1.8 | 0.3 | 0.5 | 0.5 | 0.0 | 5.2 | -1.2 | -71.3 |
| Девизни резерви | 1,494.9 | 1,597.5 | 1,714.5 | 2,068.9 | 2,193.3 | 1,993.0 | 2,436.5 | 2,354.8 | 2,254.8 | 2,187.4 | 2,261.8 | 2,266.3 | 2,158.8 | 2,699.0 | 2,613.4 | -85.6 | -3.2 | 351.7 | 15.5 |
| Специјални права на влечење, нето | -9.2 | -71.7 | -76.4 | -78.3 | -76.7 | -73.2 | -78.2 | -83.5 | -82.9 | -82.2 | -83.2 | -81.6 | -82.8 | -81.6 | -83.2 | -1.6 | 1.9 | 0.0 | 0.0 |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2015 година е претходен, додека за 2016 година е проценет податок (извор: Соопштение „Бруто домашен производ на Република Македонија“ од 9.3.2017 година).

Извор: НБРМ.